


ДОБРИ ВЕСТИ ОД

ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ 9

СИЛНИОТ НАПРЕДОК И ЗАЕДНИЧКАТА ПОСВЕТЕНОСТ БЕА ИСТАКНАТИ НА ПЕТТИОТ СОСТАНОК НА УПРАВНИОТ ОДБОР

СТУДИСКИ ПОСЕТИ ВО ПОРТУГАЛИЈА ЗА ПРАВОСУДСТВО И ВИЕНА ЗА РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

РАБОТИЛНИЦАТА ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

ОБУКА ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПОЛИЦИСКАТА РАБОТА

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

НОЕВМВРИ 2025

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА Е ЕДИНСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЛУДВИГ БОЛЦМАН ГЕСЕЛШАФТ – ИНСТИТУТ ЗА ФУНДАМЕНТАЛНИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА (LBI-GMR) И НЕ НУЖНО ГИ ОДРАЗУВА СТАВОВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА.



Финансирано од
Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOREWORD



Дитер ШИНДЛАУЕР

Тим лидер, „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“

„Се надеваме дека со овој извештај ќе одржиме позитивен став и ќе го поддржиме етичкото убедување дека вреди да се залагаме за промени, реформи и процес на постојано подобрување. За таа цел, ќе го прикажеме и славиме напредокот за да не се изгуби во многу погласната врева на негативните вести“.

Драги читатели,

Нашиот деветти квартален извештај се протега надвор од границите на Северна Македонија, бидејќи имаме голем дел посветен на три неодамнешни студиски посети - две во Португалија и една во Австрија. Студиските посети нудат можност да се оддалечите од секојдневните работни рутини и да се вклучите во искуства кои се возбудливи и инспиративни. Верувам дека посетите опишани во ова издание се одличен пример за ова. Посетите беа исполнети со активности, вклучувајќи состаноци, интензивни дискусии, презентации и размислувања. Извештаите покажуваат дека тие беа успешни и дека учесниците добиле многу идеи за тоа како да ги подобрат областите за коишто се одговорни во оваа земја. Целата поента е во во тоа што искуството од она што се смета како добра практика во една земја-членка на ЕУ е само почеток. Потоа, следува напорната работа со дефинирање дали и како наученото може да се трансформира и транспонира во реалноста и иднината на Северна Македонија. Сигурен сум дека студиските посети се валиден и плоден двигател за таква промена.

Друга успешна приказна во овој извештај за која лично сум многу среќен, па дури и горд е „Мега-обуката“ на над 400 полициски кандидати во Идризово.

FOREWORD

Пет дена, тим од шест обучувачи работеше со Центарот за обука на полицијата и полициските кандидати во три паралелни групи. Се осврнавме на прашањата за непристрасност, еднаквост во службата, предрасуди и стереотипи - прашања со кои не е лесно да се справите, но се толку клучни за сите професионалци за спроведување на законот на планетата. Атмосферата беше извонредна - добронамерна мешавина од дисциплина и отвореност, од гостопримливост и барања. Во овој извештај ќе прочитате за искрените оценки од четири обучените кандидати за тоа како ја доживеале обуката, за да добиете впечаток за она што го работевме. Изразувам благодарност до одговорните лица во Центарот за обука на МВР, со посебна благодарност до Даниела Спасовска, началничка на Одделот за развој на наставни програми, и кандидатите кои ги изнесоа своите лични видувања во овој квартален извештај, Ангела Танеска, Ивана Милошевска, Ангел Младеновски и Дамјан Димовски. И на сите полициски кандидати учесници: ви благодариме за вашето активно учество и посветеноста што ја покажавте!

Друг голем настан поврзан со МВР и полицијата беше работилницата на високо ниво за реорганизација на полицијата одржана на 21 октомври во Скопје. Таа беше посветена на преиспитување на внатрешните структури за подобрување на комуникацијата и ефикасноста и претставува охрабрувачки сигнал за модернизација.

Во истиот период, нашите експерти за пробација ги посетија пробациските канцеларии во Скопје, Тетово и Куманово за да работат непосредно со пробациските службеници и да добијат од нив мислења и придонеси за стратешките избори и предизвици. Како и претходно, нашите експерти беа импресионирани од високото ниво на мотивација и професионалната љубопитност за време на нивните посети, и ќе се вратат да посетат уште седум регионални пробациски канцеларии.

Уживајте во добрите вести!

Дитер Шиндлауер
Тим лидер

ВИ ПРЕТСТАВУВАМЕ:

ОБУКА ЗА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ПОЛИЦИСКАТА РАБОТА

Над 400 идни полициски службеници учествуваа во комбинација од теоретски и практични вежби за дискусија, анализа и учење како да се препознае и спречи дискриминација во нивната секојдневна работа.

СТУДИСКИ ПОСЕТИ

Правосудните студиски посети во Лисабон се фокусираа на унапредување на европските стандарди за правосудната одговорност и оценување, а студиската посета во Виена беше наменета со цел зајакнување на политиките и рамките за заштита од родово-базирано насилство.

РАБОТИЛНИЦА ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА ЈА УНАПРЕДУВА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Настанот беше одлична можност за размена на искуства, учење од добрите европски практики и дискусија за предизвиците и можностите во тековната трансформација на македонскиот полициски систем.

Ајде да зборуваме за...

- Силниот напредок и заедничката посветеност кои беа истакнати на петтиот состанок на Управниот одбор
- Младите полициски кандидати ја прифаќаат виталната лекција за еднаков третман: „Дискриминацијата не е секогаш видлива; честопати, таа е вкоренета во нашата потсвест.“
- Симулациска вежба за борба против тероризмот за зајакнување на подготвеноста на македонската полиција за одговор на кризи
- Експертска мисија во регионалните пробациски канцеларии
- Работилницата за реорганизација на полицијата ги собра клучните засегнати страни за унапредување на модернизацијата на македонската полиција
- Студиски посети:
  - Студиска посета за судството во Лисабон: Отворање на патот за европски стандарди во судската одговорност и оценување
  - Подобрување на политиката за родово-базирано насилство и рамката за заштита преку сознанија од студиските посети
  - Зајакнување на ефикасноста на Јавното обвинителството на Република Северна Македонија – подобрување на оперативните капацитети на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители

Силниот напредок и заедничката посветеност беа истакнати на петтиот состанок на Управниот одбор

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ го одржа својот петти состанок на Управниот одбор на 18 септември 2025 година во просториите на Клубот на пратеници. Состанокот се фокусираше на презентирање на резултатите од проектот од февруари до август, 2025 година и на следните чекори.

Марција Палота, претставничка на Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија (ДЕУ), ја истакна континуираната поддршка на ЕУ за реформите во секторот за владеење на правото, истакнувајќи го добриот напредок постигнат во сите четири цели на проектот и нагласувајќи ја важноста на континуираниот дијалог со тимот на проектот и корисниците. Агнес Таибл, директорка на проектот, од Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман“, истакна дека две третини од планираните резултати се веќе реализирани или се блиску до завршување, потврдувајќи дека проектот е на вистинскиот пат. Од 42-месечното времетраење на проектот, 29 месеци се имплементирани. Таа им се заблагодари на тимот на проектот, институциите корисници, Делегацијата на ЕУ и партнерите на конзорциумот за нивната посветеност и поддршка. Тим лидерот, Дитер Шиндлауер, нагласи дека соработката со корисниците е веќе на ниво каде што експертите на проектот се целосно интегрирани како ресурси во секојдневното работење, што е резултат на силна меѓусебна доверба и почит.







Од август 2024 до февруари 2025 година, проектот постигна значителен напредок во сите четири компоненти, при што следните главни достигнувања претставуваат некои од клучните успеси.

Компонента 1, во тесна соработка со Министерството за правда, Судскиот совет, Јавното обвинителство и Академијата за јавни обвинители и судии, го зајакна правосудството преку подобрувања во управувањето со човечки ресурси, оптимизација на судската мапа, поддршка за нови ИТ системи, целни обуки и фискални проценки за да се обезбеди ефикасно спроведување на Стратегијата за правосудство 2024–2028.



Компонента 2, со Министерството за внатрешни работи како главен корисник, ја зајакна борбата против организираниот криминал и корупцијата преку специјализирани обуки, насоки и стратешки документи, а воедно ја започна и кампањата за подигање на свеста „0% корупција – Ајде да е вистина!“ за да ги охрабри граѓаните да пријавуваат корупција без двоумење.



Компонента 3, заедно со Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постигна клучни резултати, вклучувајќи го Системот за управување со човечки ресурси, Стратегијата за кризна комуникација, курсот IACA и првиот нацрт на Стратегијата за ИКТ.



Компонента 4, во тесна соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, Канцеларијата на народниот правобранител, Комисијата за спречување на дискриминација и Дирекцијата за извршување на санкции, го поддржа унапредувањето на заштитата на човековите права преку Форумот за човекови права, разговори за еднаквост, обука на обучувачи за антидискриминација, отворање на е-ресурсен центар за еднаквост и усвојување на Националниот акциски план за правата на децата 2025–2029.



Претставниците на партнерските институции ја изразија својата благодарност за континуираната поддршка на проектот и неговиот вреден придонес во зајакнувањето на владеењето на правото.

На состанокот, на кој присуствуваа 50 претставници од Делегацијата на ЕУ, партнерите на конзорциумот, институциите корисници и експерти, беше нагласена заедничката посветеност за градење поправедно и потранспарентно општество во Северна Македонија.





Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Младите полициски кандидати учат за еднаков третман: „Дискриминацијата не секогаш е очигледна – често ја носиме несвесно“

Во рамките на проектот ЕУ поддршка за владеење на правото, одржана беше интерактивна обука за антидискриминација во полициската работа со новата генерација полициски кандидати во Република Северна Македонија.
Оваа обука е дел од континуираните активности за јакнење на капацитетите на идните полициски службеници во областите на човекови права, еднаков третман и професионална етика.

Преку комбинација од теоретски и практични вежби, повеќе од 400 идни полициски службеници имаа можност да дискутираат, анализираат и учат како да препознаваат и спречуваат дискриминација во секојдневната работа. За повеќето, ова обука беше единствена можност за првпат да размислат за суптилните начини на кои предрасудите и стереотипите можат да влијаат врз нивниот професионален однос со граѓаните.

> „Обуката беше поинаква од сè што сме имале досега, мојот впечаток е многу позитивен,“ вели Ангела Танеска, една од учесничките.
>
> „Најмногу ми се допадна тоа што не беше само теоретска, туку имаше и многу практични примери и дискусии. Ме изненади колку суптилни форми на дискриминација може да се појават во секојдневната работа, без ние веднаш да ги забележиме.“



Таа додава дека најважната лекција што ја понела е дека дискриминацијата не секогаш е очигледна или намерна.

„Понекогаш е резултат на предрасуди кои несвесно ги носиме со себе. Разбрав дека и една мала постапка или збор може многу да влијае врз довербата на граѓаните,“ објаснува Ангела.

Слично размислува и Ангел Младеновски, кој вели дека токму ваквите обуки помагаат младите полицајци да станат посвесни за одговорноста што ја носи нивната професија.

> „Дискриминацијата може да биде и системска, односно ‘вградена’ во институции, закони или општествени навики што создаваат нееднакви можности за одредени групи. Затоа е важно да учиме да ги препознаваме тие механизми и да делуваме професионално и еднакво кон сите,“ вели тој.



За Ивана Милошевска, највредно било тоа што обуката била изведена на интерактивен и позитивен начин.



> „Организаторите беа многу добро подготвени и преку игра и смеа успеаа да ни го пренесат знаењето. Научив дека дискриминацијата често се појавува преку мали, несвесни постапки или предрасуди, а не секогаш преку отворена навреда или омраза,“ споделува таа.

Засите учесници највпечатлив бил моментот кога сите требале да создадат приказна/биографија за различни луѓе врз основа на една фотографија. Кога потоа ја дознале вистинската приказна, сите се соочиле со сопствените претпоставки и предрасуди.

> „Од таа вежба научивме дека никогаш не треба да ги судиме луѓето според изгледот, бидејќи секој има своја приказна,“ вели Дамјан Димовски.



Освен новите знаења, кандидатите се согласија дека оваа обука ќе има директно влијание врз нивната иднина како полициски службеници.

„Ќе бидам многу повнимателна во односот со сите граѓани, без разлика на нивната етничка припадност, пол или вера,“ вели Ангела Танеска.

„Верувам дека со почит и разбирање, полицијата може да стане поблиска и поефикасна.“

Учесниците истакнаа дека ваквите обуки не само што градат свест и емпатија, туку и го зајакнуваат односот помеѓу полицијата и граѓаните.

„Кога луѓето чувствуваат дека се третирани фер и со почит, полесно соработуваат и имаат повеќе доверба во институциите,“ истакна Младеновски.



Дискриминацијата – препознавање, разбирање и одговорност

Одговорите на младите кандидати покажуваат дека темата за дискриминација ја препознаваат како клучна за градење праведно и инклузивно општество. Дискриминацијата не секогаш е очигледна или намерна – таа може да произлегува од несвесни предрасуди или културни навики кои се пренесуваат со години. Како што покажаа младите кадети, првиот чекор кон промена започнува со разбирање, емпатија и еднаков пристап кон сите.

Обуката за антидискриминација е дел од поширокиите активности на проектот „ЕУ Поддршка за владеење на правото“, со цел зајакнување на капацитетите на полициските службеници и градење доверба со заедницата.









Одбележување на успехот:

Визуелен приказ











Симулациска вежба за борба против тероризмот за зајакнување на подготвеноста на македонската полиција за одговор на кризи

Во Скопје се одржа симулациска вежба за борба против тероризмот, на која учествуваа 22 претставници од различни сектори и единици на Министерството за внатрешни работи. Вежбата имаше за цел да ја тестира и потврди соодветноста и кохерентноста на постојните оперативни планови, рамки за одговор и безбедносни протоколи во симулирана кризна средина.

Преку дискусии базирани на реални сценарија, учесниците ги вежбаа своите улоги и одговорности, го зајакнаа донесувањето одлуки под притисок и ги идентификуваа потенцијалните празнини во координацијата, комуникацијата и управувањето со кризи.

Следниот ден, на дебрифинг сесијата се собраа 10 раководители на сектори и единици за да дискутираат за наодите, да разменуваат решенија и да ја разгледаат оперативната мрежа за одговор на кризи – EuNAT, која обезбедува структуриран пристап за управување со сложени вонредни ситуации.

Вежбата ја потврди посветеноста на Министерството за подобрување на меѓуресорската соработка, зајакнување на подготвеноста и подобрување на целокупната отпорност на Македонската полиција во одговорот на тероризам и други безбедносни инциденти со висок интензитет.



Експертска мисија за меѓусебно подучување („peer-to-peer“) во регионалните пробациски канцеларии

Четири меѓународни експерти од Службата за пробација и судството во Република Хрватска спроведоа мисии за меѓусебно подучување за градење капацитети и подигање на свеста во пробациските канцеларии во Скопје, Тетово и Куманово, работејќи со 16 пробациски службеници.

Весна Желиќ Ференчиќ, една од експертите, раководителка на службата за развој на системот за пробација во Министерството за правда, јавна администрација и дигитална трансформација на Република Хрватска, ги смета „пробациските службеници како високо мотивирани и желни за понатамошен развој на своите вештини и професионални компетенции. Со оглед на нивната поставеност во судската средина, тие имаат тенденција да се перцепираат себеси како подредени на судиите, а не како рамноправни професионалци, што укажува на потребата од зајакнување на нивната професионална самодоверба и самоперцепција, и на индивидуално ниво и на ниво на служба.

> „Мисиите од овој тип се наменети за градење капацитети за секој пробациски службеник и за организациски развој. Матеа Сршен, раководителка на канцеларијата за пробација во Загреб I, ја опишува својата „мисија во пробациската канцеларија во Скопје како недела полна со учење, споделување и вистинска тимска работа“.

За време на мисиите, македонските пробациски службеници спроведоа интервјуа со сторители на кривични дела и имаа теренски посети за да ги лоцираат сторителите кои не се појавиле на разговори. Потоа, пробациските службеници добија обемни повратни информации во кои беа идентификувани силните и слабите страни и беа понудени препораки за подобрување на практиките за интервјуирање од страна на меѓународните експерти.

> Матеа Сршен го нагласи набљудувањето на вистински интервјуа и водењето отворени, конструктивни дискусии за зајакнување на довербата и професионалната поврзаност. „Службениците ја ценеа охрабрувачката атмосфера и можноста за размена на искуства на опуштен начин“.

Нејзината колешка, Весна Желиќ Ференчиќ, додава дека:

> „Практичниот пристап на набљудување како македонските пробациски службеници ги применуваат техниките на интервјуирање и го интегрираат знаењето стекнато од обуката и образованието се покажа како особено значаен“.



Понатаму, македонските пробациски службеници ги споделија своите повратни мислења за ажурираната верзија на алатката за проценка на ризик, што помага да се процени и да се создаде соодветен пристап за намалување на веројатноста за повторување на делото. Македонските пробациски службеници, исто така, имаа можност да разговараат за статусот на спроведување на тековната Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025) и дадоа предлози за подобрувања и во постојните и во потенцијалните нови области за следната стратегија.

Весна Желиќ Ференчиќ посочува една област за евентуално понатамошно зајакнување на пробациската служба:

> „Иако регионалните пробациски канцеларии работат доследно во согласност со утврдените протоколи, постојат забележителни разлики: Постојат канцеларии кои се поактивни и покажуваат поголема независност, на пр., преку организирање состаноци со судии или вклучување на засегнати страни. Овие канцеларии се чини дека се позадоволни од нивната улога во рамките на системот на кривична правда. Ова дополнително ја нагласува важноста на децентрализацијата на одредени активности и назначувањето на локални менаџери на канцеларии, поддржани и надгледувани од централната канцеларија.“



> Заклучокот на Матеа Сршен е дека „мисијата беше и искуство за учење за нас како експерти, нудејќи вредни сознанија за реалноста на пробациската практика и силната посветеност на службениците кон нивната работа. Покажа како соработката и меѓусебното подучување можат да инспирираат мотивација и гордост во градењето посилна пробациска служба.“

Проектот ќе продолжи со својата мотивациска и професионална поддршка на регионалните пробациски канцеларии со експертски мисии во Битола, Кавадарци, Охрид, Прилеп, Штип, Струмица и Велес.

Работилница за реорганизација на полицијата ги собра клучните засегнати страни за унапредување на модернизацијата на македонската полиција

Во Скопје се одржа работилница посветена на реорганизацијата и развојот на македонската полиција на национално, централно и регионално-локално ниво, на која учествуваа претставници од Министерството за внатрешни работи, полицијата и меѓународни експерти. Настанот беше одлична можност за размена на искуства, учење од добрите европски практики и дискусија за предизвиците и можностите во тековната трансформација на македонската полиција.

Експертот од проектот, Матјаж Јеркиќ, директор на Управата за криминалистичка полиција на словенечката полиција, одржа детална презентација за структурата и моделот на управување на словенечката полиција, по што следеше отворена и динамична дискусија.





На работилницата присуствуваа министерот за внатрешни работи на Северна Македонија, Панче Тошковски, и директорот на полицијата на Северна Македонија, Александар Јанев.

Министерот изрази интерес за тоа како Словенија ја подобрила ефикасноста преку рационализација на организацијата, додека директорот се фокусираше на управувањето со човечките ресурси и аналитичките капацитети во рамките на криминалистичката полиција.

Нивниот ангажман и длабинските прашања значително придонесоа за квалитетот на дискусијата и покажаа вистинска посветеност на реформите и институционалната модернизација.

Работилницата резултираше со заедничка посветеност за понатамошно зајакнување на аналитичките, организациските и истражните функции на полицијата, подобрување на соработката помеѓу централното, регионалното и локалното ниво и инвестирање во професионален развој и етичко лидерство.

Настанот уште еднаш потврди дека споделувањето практични искуства и методологии за реформи од земјите-членки на ЕУ, како што е Словенија, може да игра витална улога во градењето полициска служба која е модерна, ефикасна и на која граѓаните и веруваат.



Photos: © Ministry of interior



СТУДИСКИ ПОСЕТИ



Судска студиска посета во Лисабон: Отворање на патот за европски стандарди во судската одговорност и оценување

Помеѓу 14 и 16 октомври, со цел зајакнување на владеењето на правото во Северна Македонија, нашиот проект поддржа студиска посета на високо ниво за Судскиот совет на Северна Македонија (СС) до Високиот судски совет на Португалија и Врховниот суд на Португалија во Лисабон. Делегацијата, во која беа вклучени претседателот на СС и 11 членови на СС, се фокусираше на усогласување на судските процеси за оценување и дисциплина со воспоставените европски стандарди.

Посетата беше испланирана да ги искористи реформите од препораките на Оценската мисија на ЕУ за Судскиот совет од 2023 година и Реформската агенда на ЕУ за Северна Македонија, кои сега резултираат со нацрт-амандмани на Законот за Судскиот совет и ревизија на Методологијата на СС за оценување на работата на судиите. Португалскиот Судски совет беше избран како соодветен партнер поради неговата споредлива институционална рамка и неговото добро воспоставено искуство во судските назначувања, оценувања и дисциплински постапки.



Во текот на три дена, делегациите од Северна Македонија и Португалија се вклучија во директно учење, стекнувајќи практични сознанија за различните национални методологии за судски назначувања, унапредувања и оценување на работата. Виши судии и службеници од португалските институции одржаа презентации, споделувајќи најдобри практики за управување со кариерата, етика и квалитет на судството. Посетата заврши со разгледување на улогата на Врховниот суд во жалбената постапка против дисциплинските одлуки на Советот, обезбедувајќи разбирање на процесот на судска одговорност во Португалија.



Знаењето стекнато од проценката на португалскиот систем ќе биде интегрирано во тековните реформи на Судскиот совет. Моделот на Португалија ќе биде искористен за измена на Методологијата на Судскиот совет за оценување работата на судиите, спроведување на претстојните измени на Законот за Судскиот совет во врска со дисциплинските постапки и поддршка на Судскиот совет во зајакнувањето на сопствената независност. Резултатот од оваа соработка е конкретен, базиран на докази, насочен кон модернизација на основните функции на Судскиот совет и обезбедување поголема судска одговорност и јавна доверба во Северна Македонија.



Подобрување на политиката и рамката за заштита од родово-базирано насилство преку сознанија од студиска посета

Претставници на Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), Центарот за социјална работа (ЦСР) и Центарот за упатување за жртви на сексуално насилство учествуваа во студиска посета на тема „Начини за зајакнување и подобрување на заштитата на жртвите во областа на родово базирано насилство“ во Виена, Австрија.

Студиската посета промовираше родово-сензитивен пристап фокусиран на жртвите во развојот и спроведувањето на политики и мерки што придонесуваат за сеопфатна рамка што обезбедува заштита на жртвите и пристап до правда, поддршка на жртвите, подобрено собирање податоци, превенција, координација и соработка. Научените работи од студиската посета ќе бидат особено корисни за МСПДМ за развој и спроведување на нова Национална стратегија за превенција и заштита од родово-базирано насилство врз жените и семејно насилство 2026–2033 година, како и за работата на повторно воспоставеното Национално координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.



Клучни практични поуки од студиската посета:

Дисеминација на знаење: Споделување на стекнатото знаење и добри практики во превенцијата на РБН и СН со сите релевантни професионалци и засегнати страни кои работат на терен во Северна Македонија.

Интеграција на политики: Интегрирање на докажани мерки за превенција и поддршка - како што се програми за социјално домување за жртви на РБН кои се практикуваат во Виена - во Националната стратегија за РБН на Македонија.

Институционална реформа: Истражување на можноста за воспоставување на наменско владино тело (на пр. Министерство за жени или женски прашања) за да се обезбеди координирана и стратешка работа за родова еднаквост и превенција на РБН.

Тестирање на модели преку фондовите на ЕУ: Искористување на сознанијата за специјализирани услуги за деца и млади за дизајнирање и пилотирање на споредливи модели во Северна Македонија, поддржани преку ИПА и други програми на ЕУ.

Клучни практични поуки од студиската посета:

Вклучување на мажите како сојузници: Зголемена вклученост на мажите во иницијативите за спречување на РБН, вклучително и кампањи за подигање на свеста наменети за мажи и момчиња. Развој и имплементиција на програми во училиштата и заедницата фокусирани на работа со момчиња и млади мажи за спречување на идно насилство.

Програми за спречување на насилство кај млади: Воведување на подобрени, професионални услуги и процедури за траумата за деца жртви на сексуално насилство. Развој на концепти на проекти за воспоставување центри за рана интервенција и превенција за деца жртви на насилство.

Прилагодување на моделите на услуги: Користење на сознанијата од меѓународните служби за адаптирање и воведување на одржливи модели за поддршка фокусирани на жртвите во Северна Македонија.

Подобрување на системот за помош: Подобрување и проширување на мрежата на линии за помош за жени и девојки кои преживеале насилство, обезбедувајќи пристапност и квалитет.

Зајакнување на ефикасноста на обвинителството на Република Северна Македонија – подобрување на оперативните капацитети на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители

Од 14 до 16 октомври, во рамките на нашиот проект, претставници на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Советот на јавни обвинители и Академијата за судии и јавни обвинители учествуваа во студиска посета во Лисабон, Португалија.
Целта на посетата беше да им се овозможи на учесниците да стекнат увид во законската рамка, секојдневното работење и функционирањето на Советот на јавни обвинители, Јавното обвинителство и Академијата за судии и јавни обвинители во друга земја-членка на ЕУ.

За време на посетата на португалското Јавно обвинителство и Високиот совет на јавни обвинители, делегацијата беше запознаена со законската рамка и организациската структура на обвинителскиот систем во Португалија, со посебен фокус на финансирањето и независноста на обвинителскиот систем, транспарентноста на постапките, како и механизмите за оценување и надзор на јавните обвинители. Тие беа запознаени и со специфичниот систем за оценување и надзор на работењето преку презентации одржани од обвинител одговорен за овие процеси, кои се клучни за развој на кариерата.



Учесниците дополнително го посетија специјализираното Јавно обвинителство за истраги во Лисабон, каде што директорката Марија де Лурдес Парада го презентираше електронскиот систем за управување со предмети. Со оглед на тоа што развојот на нов ИТ систем за Јавното обвинителство во Северна Македонија е во тек, демонстрираните практични алатки и функционалности беа од особено значење.



Во текот на студиската посета беа дискутирани неколку институционални и кривично-правни аспекти, вклучувајќи ја примената на Законот за кривична постапка и соработката со други државни органи. Ова специјализирано обвинителство ги обработува најсериозните и најсложените случаи во Португалија, вклучувајќи ја и истрагата за неодамнешната несреќа со португалската жичарница „Глорија“.

На Академијата за правни студии во Лисабон, учесниците дискутираа и разменија искуства во врска со надлежностите, организациската структура, финансирањето и програмите за почетна и континуирана обука на јавни обвинители.



Студиската посета понуди значајна можност за директна размена на мислења и практични знаења за организацијата на јавнообвинителскиот систем и улогата на јавните обвинители, со посебен фокус на предизвиците што можат да влијаат на независноста на Јавното обвинителство и Советот на јавни обвинители.

Преку овие состаноци, презентации и дискусии, учесниците ќе можат да ги пренесат и применат најдобрите стандарди, искуства и практики во нивната секојдневна работа, како и да придонесат за развој на нови законски решенија во согласност со највисоките меѓународни стандарди и практики.

НОЕМВРИ 2025 - ФЕВРУАРИ 2026

КАЛЕНДАР ПРЕТСТОЈНИ НАСТАНИ

22 ЈАН

Промоција на Извештајот за спроведување на Стратегијата за човечки ресурси во судството и новиот патоказ за организација на судската мрежа

Компонента 1

12 НОЕ

Работилница за недозволена трговија со дрога - II сесија

Компонента 2

13 НОЕ

Втор Форум на импулси: Премин од принципи кон пракса – Обликување на закони и мерки преку пристапот базиран на човекови права (ПЗЧП)

Компонента 4

11 ДЕК

12 ДЕК

Обука за анализа и обработка на податоци

Компонента 3

20 НОЕ

Конференција „Пет години превенција и заштита од дискриминација: Достигнувања и идни насоки“

Компонента 4

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

ИНФОРМАЦИИ ЗА ИЗДАНИЕТО

Издавач: Институт за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман Гезелшафт“ (LBI-GMR), Виена, во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, Скопје
Уредник: Кристина Весиќ
Лектор: Ане Петрушевска
Период на известување: 8 август - 7 ноември 2025 година
Датум: 7 ноември 2025 година

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ